**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКО И ТВ СЦЕНАРИО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмско и ТВ сценарио**, **60803**, Фраскатиева класификација, во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмско и ТВ сценарио**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 1 март 2024 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Ана Опачиќ.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. д-р Мимоза Рајл,**
**Вонреден Професор м-р Гоце Ристовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Ана Опачиќ во период од 2019 до 2023 работи како модератор на ЕФА European Young Audience Award за Македонија, настанот кои што го организира Агенција за филм на Р.С.М.

Во период од 2019та до 2021а работи на театарските претстави *Аудиенција* (Македонски народен театар), *Човек перница* (НУ Турски театар Скопје), *Чикашки перверзии* (Младински културен центар) и *МОДИ* (Младински културен центар) како супервизор-драматург и креативен асистент на режисерка Сибел Абдиу.

Во 2019та е член на жири на „Winter Apricots: Prilep International Film Festival".
Во 2020та работи како скрипт-доктор на документарен серијал од 6 епизоди *Вонредна состојба – Коронавирус во Северна Македонија*, кои што се прикажуваше на МРТ1.

Во период од 2019та до 2021-а е уметнички кординатор на фестивалот за урбана култура *Мурал.*

Во 2019та и во 2020та е програмски селектор на проектот *Ново кино Скопје*.

Од 2021 станува член (сектор режија) во Друштво на филмските работници на Македонија. Истата година нејзиниот филм *Магнолија* станува дел од ДВД-изданието „Македонски кратки играни филмови" на Кинотеката, ДВД-издание претставува пресек на македонската кратка играна филмска форма уште од нејзините повоени институционализирани почетоци па се до денес.

Истата година изработува промотивно видео за Креативна Европа, Македонија кое што е подржано од Министерство за култура.

Во 2022та ја преведува од хрватски на македонски книгата „Брашно во вените" на Игор Штикс, а истата година пишува поговор за книгата *Ноќ и магла* на Данило Киш во превод на Марио Стојаноски.

Во 2022 станува доктор на науки на УКИМ, Институт за македонска литература – Културолошки студии на тема „Авторските политики во филмските адаптаци: Смрт во Венеција (Lucchino Visconti), Војчек (Werner Herzog), Огледало (Andrej Tarkovski) ".

Во периодот од 2022-2023 добива подршка од Агенција за филм на Р.С.М. за дебитантски долгометражен филм *Трета смена* и за краткометражен филм *Последна станица*.

Исто така се појавува како сценарист на филмот *Блиску* кој е подржан од Агенција за филм на Р.С.М. Ја продолжува својата улога како директорка на *Бич филм фестивал* – Фестивал на нов европски филм.

Во склоп на *Бич филм фестивал* има добиено средства за организација на *Бич филм студентски камп* кои што ке се реализира во септември 2024 со студенти од Албанија, Грција и Макеоднија со име „Building bridges".

Исто така во склоп на фестивалот организира едукативни работилници за филмска критика, филмска маска и шминка, дизајн на филмски постер, мастеркласови на тема независна кинематографија, промоција на на најнова филмска опрема, а во 2024та организира работилници на тема RE RE RE: Reuse, Reduce, Recycle.

Во 2024та дел е од панел дискусијата која што ја организираше Гете институтот на тема *Неопходноста на филмската едукација во наставните програми во училишта*, но и во рамки на неформалното образование во културните институции, организации и центри.

Истата година е промотор на книга *Дискретниот шарм на македонскиот филм*.

Истата година е поканета како еден од панелистите на 26-та евромедитеранска конференцијиа за кино – Мобилно кино – ново кино за младите евромедитеранци за потикнување на мир и толеранција, која ќе се одржи во склоп на рамките на 81. Венецијански филмски фестивал.
Исто така член е на жирито на петото издание на *Флип бук филм фестивал*, фестивал за анимиран филм.

Тековно ја спрема својата докторска теза за објавување, за која што има добиено финансиска подршка во 2023та од Министерство за култура.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Ана Опачиќ** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Вонреден професор** по група предмети од областа **Филмско и ТВ сценарио,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш,**

______________________________

**Проф. д-р Мимоза Рајл,**

_________________________________

**Вонреден Професор м-р Гоце Ристовски,**

_________________________________

**Скопје, 29.03.2024**